АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски " бр.13
1000 Скопје
Република Македонија

тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 24 611

contact@aec.mk

# З А П И С Н И К

Од вториот состанок во 2012 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 21.02.2012 година со почеток во 17:30 часот

Вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 21.02.2012 година во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов,
4. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
5. Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини,
6. Директорот на АЕК г-н Роберт Орданоски,
7. Соработникот за правни работи во својство на записничар г-ѓа Бојана Стефановска;

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневниот ред:

1. **Усвојување на записникот од првиот состанок на Комисијата на АЕК оддржан на 30.01.2012 г. и усвојување на дневниот ред;**

   Записникот и дневниот ред беа едногласно усвоени;

Пред отпочнување со расправа по точките на дневниот ред членовите на комисијата побараа од Директорот на Агенцијата да ги запознае со годишниот финансиски план, по што беа повикани раководителот на секторот за финансии и советникот за правни работи на директорот како и шефот на кабинет на директорот, кои појасниа дека сеуште работат на истиот и проценката е дека ќе биде подготвен до почетокот на идниот месец.

2. **Усвојување на правилник за начинот и постапката за оценување на вработените во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации;**

Правилникот беше презентиран од страна на советникот за правни работи на директорот, кој на прашање од членот на комисијата г-дин Горан Велинов, за целта за носење на ваков записник, појасни дека истиот е предвиден со Статутот на Агенцијата а и потребен заради спроведување на Правилникот за утврдување на критериуми за исплата на парична награда и на дел од платата за работна успешност на вработените во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации.

Претседателот на комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова ги праша службите на АЕК зошто не е предвидено во правилникот извештаите за оценувањето кои ги подготвуваат раководителите на сектори за своите вработени да се доставуваат и до комисијата. Одговорот беше затоа што при подготовката на овој правилник тргнале од моментот дека директорот раководи со стручната служба во Агенцијата и затоа е така предвидено.

Членот на комисијата г-дин Петар Есмеров ги предупреди службите да имаат во предвид дека во ресорното Министерство за Информатичко Општество се спрема нов правилник за начинот и постапката за оценување на вработените затоа што досегашниот се покажал како несоодветен. Исто

така ги запраша како е предвидена второстепеноста во оваа постапка, на што одговорија дека е предвидена заштита со поднесување на тужба.

Членот на комисијата г-дин Горан Велинов постави прашање, дали е предвидено со овој правилник оценување на директорот, на што доби одговор дека тоа е регулирано со Законот за електронски комуникации каде е предвидено дека директорот одговара пред Комисијата преку поднесување на кварталните извештаи.

Со овие забелешка беше усвоен Правилникот за начинот и постапката за оценување на вработените во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации.

3. **Усвојување на правилник за користење на годишен одмор;**

Правилникот беше презентиран од страна на советникот за правни работи на директорот, кој истакна дека е во согласност со Законот за работни односи. Членовите имаа предлог, како не е регулирано користењето на годишниот одмор од страна на Директорот, да се предвиди тој пред да започне со користење на годишниот одмор да ја извести Комисијата како орган на Агенцијата за датумот на започнување со користење на годишниот одмор, како и за неговото времетраење. Со оваа забелешка беше усвоен Правилникот за користење на годишен одмор.

4. **Барање на согласност за спроведување на јавна набавка на консултантски услуги ISO 27001;**

Поради печатни грешки во барањето, истото е вратено на доработка и поправка до следниот состанок на комисијата.

5. **Барање на согласност за спроведување на јавна набавка на услуга за проектирање на внатрешно уредување на деловниот објект на АЕК;**

Бидејќи забелешките од последниот состанок повторно не беа вметнати во проектната задача, оваа точка беше одложена за наредниот состанок на комисијата.

6. **Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за изработка на промотивна кампања и емитување на промотивна кампања;**

Откако беше презентирано барањето од страна на шефот на кабанитот на директорот, и појаснато на прашање од членот на комисијата г-дин Газменд Ајдини за начинот на изработка и пласирање на кампањата, членовите на комисијата дадоа согласност на нејзина набавка.

7. **Барање на согласност за спроведување на јавна набавка на адвокатски услуги;**

Бидејќи агенцијата има потреба од ваков вид на услуга а истата е предвидена и во годишниот план за јавни набавки, членовите дадоа согласност.

8. **Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за сервисирање на моторни возила;**

Имајќи предвид дека е потрошена сумата од предходната набавка има потреба од ваков вид на набавка па комисијата даде согласност за набавка.

9. **Разно;**

Членовите на комисијата побараа од Директорот информација за презентацијата на Стратегијата на Агенцијата за наредните 4 години. Како основни задачи на Агенцијата Директорот ги истакна демонополизацијата на операторите на различни пазари како и појава и можност за работа на повеќе алтернативни оператори.

Состанокот заврши во 19:15 часот.

Гордана Клинчарова, Претседател

Петар Есмеров, член

Горан Велинов, член

Славе Веловски, член

Газменд Ајдини, член

Наш број ____________

Скопје ______________